**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-556/**

# З А П И С Н И К

**Од 208.Седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 26.01.2023 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:** проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Заменик претседател на Програмскиот совет,Снежана Клинчарова, м-р Ристе Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани, Златко Јанковски, Ивана Трајковска, Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска и Анита Латифи. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:** д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:** Сузана Николовска-Одделение за сметководство МРТ, Лозенка Мицевска-Одделение за правни работи, Дијана Гогова-Атанасова-Одговорен уредник на Петти програмски сервис на МТВ и Раде Спасовски-Шеф на делегација на Јуниорски Евросонг. |

**208.Седницата на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.**

Седницата почна во 13.30 часот.
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот дневен ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записникот од 207.седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување на Информација за Јуниорски Евросонг 2022.

3. Разгледување на Информација по основ на бришење на Дооел ТВ Сцена од Централниот регистар на РСМ по пат на ликвидација.

4. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записникот од 207.седница на Програмски совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 207.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 207.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет на МРТ едногласно **го усвои** записникот од 207.седница на Програмскиот Совет на МРТ.

**ТОЧКА2:Разгледување на Информација за Јуниорскиот Евросонг 2022.**
По однос на оваа точка повикани беа да се вклучат во расправата Дијана Гогова-Атанасова-Одговорен уредник на Петти програмски сервис на МТВ и Раде Спасовски-Шеф на делегација на Јуниорски Евросонг.
Тие пред присутните членови дадоа свој извештај за реализацијата на Јунироскиот Евросонг 2022, во кој меѓудругото беше истакнато следново:
-Имајќи ги предвид одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 14 јуни 2022 година МРТ ја испрати до ЕБУ апликацијата за учество на Јуниорскиот Евросонг 2022.
Јавниот повик за аудицијата беше отворен на 14 јуни и траеше до 21 јуни, промотивниот спот секојдневно се емитуваше на програмите на МТВ, и повикот за аудиција беше објавен и на WEB страницата на МРТ https://www.mrt.com.mk/node/74740. Пред одржување на аудицијата на 22.06.2022 беше формирана и комисија која требаше да ги преслуша пријавените кандидати и да избере кандидат кој ќе претставува на МРТ на Детскиот Евросонг 2022.
Согласно правилата учесниците отпеаја по две песни по сопствен избор. По преслушување на сите учесници на Аудицијата (настапија 10 кандидати како соло изведувачи и два дуети) комисијата во состав: Дијана Гогова Атанасова – Одговорен уредник на МРТ5, Горан Трифуновски режисер во МРТ Композитор и интерпретатор и Рената Кралевска музички изведувач и апсолвент на ФМУ, соло пеење – популарни жанрови едногласно одлучи за претставник на МРТ на Детскиот Евросонг 2022 да биде дуетот Лара Трпческа и Ирина Давидовска.
Согласно Правилата за учество на Детскиот Евросонг 2022 на 28 јуни беше одржан состанок со родителите на Лара и Ирина.
На состанокот господинот Трпчески посочи дека тој работи на песната со која Лара и Ирина ќе настапат во Ереван и кон средината на август ќе биде готова првичната верзија.
Со потпишување на согласност од страна на родителите одлуката стана конечна и беше објавена на WEB страницата на МРТ https://www.mrt.com.mk/node/75246 на 29 јуни.
Во текот на месец август беше направена и првичната верзија на песната и беше одржана средба со Симон Трпчески. На средбата тој побара да се вклучи и машки вокал кој покрај пеењето требаше и да танцува и два танчари затоа што тоа го бара песната што беше прифатено, а исто така беше договорено како аранжер на песната да се ангажира Дарко Димитров.
Во текот на месец октомври песната беше комплетно завршена од страна на авторите Симон Трпчески и Дарко Димитров, беа снимени матриците и подготвени стемовите, а исто така беше реализиран и видео спотот за песната. Напоредно со ова се подготвуваа и останатите предвидени материјали за Детскиот Евросонг, и се работеше и на сценскиот настап за Ереван за тоа беше ангажиран кореографот Илија Карадакоски.
На 3 ноември беше направена промоцијата на песната во вториот дневник на МРТ и истата вечер од страна на ЕБУ беше постирана песната на You Tube каналот. По промоцијата на песната нашите претставници имаа голем број промотивни телевизиски настапи на програмите на МРТ, но и на останатите телевизии од нашата држава.
На 4 декември Делегацијата на МРТ замина на Детскиот Евросонг, во делегацијата беа Раде Спасовски – шеф на делегацијата, Дијана Гогова, Атанасова Одговорен уредник на МТВ5,

Лара Трпеска, Ирина Давидовска и Јован Јакимовски интерпретатори, танчарите Александра Матески и Мила Илиќ Анчева и Илија Карадакоски кореограф.
Делегацијата на МРТ за време на престојот во Ереван беше пријателски дочекана од организаторот на Детскиот Евросонг Ерменската телевизија и ЕБУ кои во текот на целиот престој кон нашата делегација се однесуваа срдечно и настојуваа да најдат решение за сите наши барања. Нашите претставници Лара, Јован и Ирина придружувани од танчарите Александра и Мила во Ереван по пристигнувањето се спријателсија со другите деца-учесници на Детскиот Евросонг кое се продлабочуваше во текот на престојот во Ерменија. Пробите и настапот поминаа без проблеми и се одвиваа според предвидениот план и динамика.
Освојувањето на четиринаесеттото место сметаме дека не е реално со оглед на тоа што нашите претставници имаа одличен сценскиот настап, добро ја изведоа песната, која беше одлично прифатена од публиката така да за кратко време по објавувањето на You Tube каналот имаше над 100 000 прегледи, но сепак тоа не беше доволно за подобар пласман.
Наше мислење е дека Лара, Јован и Ирина одлично ја претставија нашата држава на Детскиот Евросонг 2022, со својот настап ги освоија симпатиите на учесниците, публиката во салата и новинарите кои известуваа од Ереван и дека МРТ треба и понатаму да биде дел од Детскиот Евросонг за да може нашите музички таленти да ги покажат своите вредности на Европската музичка сцена.
Членот Снежана Клинчарова со став и забелешка за организацијата и реализирањето на Јуниорскиот Евросонг. Попрецизно, со почетокот на подготовките и самото распишување на Конкурсот за избор на песна и претставник, и со предлог најдоцна до средината на месец март да почне целата процедура околу конкурсот, и додека трае второто полугодие од учебната година децата што е можно повеќе да бидат анимирани да разберат и да бидат подготвени за аудицијата.
И на крај кога ќе се потпишува согласноста со родителите на претставниците, да се изнајде решение со кое ќе се регулираат настапите на другите приватни телевизии.
И на крај, со посериозни подготовки и поголема сума на средства од МРТ да се вратиме на минатите успеси.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац ја подржа Клинчарова во исказот и додаде дека МРТ не треба да се откажува од учество ни од јуниорскиот ни од сениорскиот Евросонг, бидејќи не треба да се пропушта ниту една прилика за меѓународна промоција на МРТ, а со тоа и на Македонија.Исто така екипата односно целокупниот тим да биде поголем и од страната на МРТ да има поголеми ПР активности за промоција на песната и претставникот.

**ТОЧКА3:Разгледување на Информација по основ на бришење на Дооел ТВ Сцена од Централниот регистар на РСМ по пат на ликвидација.**
Воведно излагање по оваа точка даде Лозенка Мицевска од Одделението за правни работи во МРТ која во Информацијата изготвена заедно со Сузана Николовска од Одделението за сметководство во МРТ истакна дека врз основа на Заклучок на Надзорниот одбор од 76-та седница согласно кој беше одобрена иницијативата за отпочнување на постапка за ликвидација на ДООЕЛ-ите чиј основач е ЈРП МРТ, Ве известуваме дека во текот на месец Ноември 2022 година од страна на ополномоштениот Регистрационен агент во соработка со Раководителката на сметководство-Сузана Николовска и Стручниот соработник од Одделение за правни и нормативни работи-Лозенка Мицевска беше отпочната постапката за ликвидација на Друштво за инжинеринг, производство и преработка на мебел и текстил ТВ СЦЕНА ДООЕЛ Скопје пред Централен регистар на РСМ. Постапката беше спроведена согласно закон и тоа во неколку фази.

Постапката отпочна со донесување на Одлука за престанок на друштвото со работа и именување на ликвидатор на ден 21.11.2022 година донесена од страна на ЈРП МРТ како основач на Друштвото.
Во натамошниот тек на постапката беше донесена Одлука за промена на назив на друштвото. Дадени беа изјави од Ликвидаторот и Основачот по чл. 7 од Правилникот за издавање на овластување на регистрационен агент. Во оваа фаза на постапката за ликвидација беше прибавена Потврда за солвентност од Комецијална банка и Уверение за платени даноци и придонеси од УЈП.
По прибирањето на горенаведените документи, Регистрациониот агент поднесе барање за ликвидација на Друштвото преку електронскиот систем на Централниот регистар на РСМ. Во називот на друштвото беше додаден префиксот – “во ликвидација” и во ЦРМ беше упишан Управителот како ликвидатор.
По уписот во соодветниот регистар, ликвидаторот на ден 05.12.2022 даде објава за ликвидациона постапка под деловоден број 35020220031865 на веб страницата на Централниот регистар на РСМ. Со објавата се повикаа доверителите да ги пријават своите побарувања во рок од 15 дена од денот на објавата.
Од причина што ниту еден доверител во наведениот законски рок не се пријави, беа подговени документите за последната фаза на постапката за ливидација на друштвото.
Во последната фаза на постапката беше изработена и доставена Завршна сметка во ликвидација на друштвото до ЦРМ на РСМ, прибавена беше повторно потврда за солвентност од Комерцијална банка и Уверение за платени даноци и придонеси од УЈП на друштвото. Од страна на регистрациониот агент беа изработени изјави за Ликвидаторот и Основачот по чл. 7 од Правилникот за издавање на овластување.
На ден 28.12.2022 година донесена беше Одлука за бришење на друштвото од страна на Основачот на Друштвото ТВ Сцена ДООЕЛ - ЈРП МРТ, Одлука за прифаќање на извештаите и годишната сметка на Друштвото и одобрување на работата на ликвидаторот, Изјава од ликвидаторот дека откако е започната постапката за ликвидација на Друштвото до денес, ниту еден доверител не пријавил побарување и Извештај за работењето на Друштвото.
Откако беа приберени горенаведените документи и донесени потребните одлуки, истите електронски беа поднесени до Централен Регистар на ден 30.12.2022 година.
ЦРМ на РСМ постапувајќи по пријавата за упис на бришење на Друштвото врз основа на член 30 и 41 од Законот за едношалтерски систем и за водење на трговскиот регистар и регистарот на други правни лица (Службен весник на РМ 84/05) на ден 17.01.2023 година донесе Решение со кое во надлежниот регистар се запиша бришењето на Друштвото за инжинеринг, производство и преработка на мебел и текстил ТВ СЦЕНА ДООЕЛ Скопје по пат на ликвидација, а по основ на Одлуката од 22.12.2022 година.

**ТОЧКА4:Разно.**
По однос на оваа точка од дневниот ред беше разгледан Допис од Комисијата за избор на програмски содржини -Одлука со бр.02-301/4 од 17.01.2023 година.
Заменик претседателот на Програмскиот совет на МРТ побара Информација за наредна седница од Одделението за човечки расурси, дали има унапредување во МРА и МТВ, дали се тие податоци вистинити, и ако се по кој основ се реализирани таквите унапредувања?
Седницата заврши во 14.40 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател